# ООУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“

ул.„Антон Димитров“ бр.135 Скопје, тел./факс 02/2793-002
e-mail: kuzmansapkarev@gmail.com


# Интерен правилник за наградување и изрекување педагошки мерки

ноември, 2019 година

Врз основа на член 122, став 2 алинеја 16 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019) и Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев",н. Драчево, Скопје, Наставничкиот совет, со одлука донесе

# Правилник за наградување и изрекување педагошки мерки

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во ООУ „Кузман Шапкарев", н. Драчево, Скопје.

Видови пофалби и награди

Член 2

Учениците од училиштето кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања, училиштето ги пофалува, односно наградува. Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите успеси во воспитно-образовната дејност.

Член 3

Пофалбите и наградите се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа или паралелка во текот и на крајот на учебната година.

Член 4

Ученикот се пофалува и наградува за:

- континуирано залагање и напредување во наставата;
- залагање и постигнат успех во слободните ученички активности и натпревари: училишни, градски, државни и меѓународни, литературни, ликовни и други наградни конкурси во училиштето и надвор од него, изложби, лични творби и сл.);
- примерно поведение;
- позитивно однесување (развивање другарство, помагање на други ученици, почитување на наставниците, вработените во училиштето и редовност во извршувањето на обврските);
- залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина.

Член 5

Пофалби и награди се доделуваат на:

- паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски;
- група, секција или екипа која постигнала особени резултати (прво, второ или трето место и сл.) на натпревари;
- паралелка, група или секција која постигнала најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето и надвор од него.

Член 6

Предлог за пофалби и награди дава одделенскиот наставник, предметниот наставник или училишната комисија (по стручни активи), а одлука донесува Одделенскиот, односно Наставничкиот совет на училиштето.

Член 7

Пофалбите се доделуваат усно и писмено. Писмените пофалби се даваат во вид на диплома, пофалница и признанија. Наградите се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за театарска, филмски и друг вид на културно уметнички или спортски приредби, и сл.)

Член 8

Доделувањето на пофалбите и наградите се врши на свечен начин, пред учениците во паралелката, односно пред учениците во училиштето во текот или на крајот на учебната година. Во одредени пригоди со одлука на Наставничкиот совет се покануваат и родителите на пофалените или наградените ученици.

Член 9

За пофалбите и наградите се води евиденција во училиштето во: одделенски дневник, евидентен лист, записничка книга од состаноци на Одделенскиот и Наставничкиот совет.

Врз основа на Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/2019 член 72) ООУ „Кузман Шапкарев“, н.Драчево - Скопје, за учениците кои не ги извршуваат обврските и ги повредуваат правилата на воспитно-образовната работа во училиштето предвидени се педагошки мерки.

Член 10

Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во воспитнообразовната работа што ја организира основното училиште.

Ученикот има обврска да постапува согласно правилата за однесување во училиштето предвидени во куќниот ред, редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа.

Со овој интерен Правилник се уредува изрекувањето на педагошките мерки за ученици кои ги прекршуваат правилата на училишниот живот, а со цел да се постигне чувство на одговорност и спречување на негативни појави.

Член 11

За учениците кои ги прекршуваат правилата на училиштето се применуваат следниве педагошки мерки:

1. Усна опомена;
2. Писмена опомена;
3. Укор;
4. Преместување на ученикот во друга паралелка;
5. Намалување на поведението.

Член 12

Предлог за изрекување на педагошки мерки до Наставничкиот совет може да даде предметен наставник/одделенски наставник, раководител на паралелката или директор.

Член 13

Педагошките мерки од член 11 за учениците од прво до деветто одделение ги изрекува:

1. Усна опомена - раководител на паралелка;
2. Писмена опомена - раководител на паралелка;
3. Укор - раководител на паралелка; Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето;
4. Преместување на ученик во друга паралелка - раководител на паралелка; Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето;
5. Намалување на поведение - раководител на паралелка, Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето.

Член 14

Педагошката мерка **Усна опомена** се изрекува за:

- неоправдано отсуство од наставата (од 4-7 неоправдани изостанока);
- непотребно задржување во училиштето и училишниот двор по завршување на часовите;
- неправилно користење на книгите од библиотека, ненавремено враќање, оштетување и друго;
- уништување на учебници (кинење, чкртање, цртање и сл.);
- недозволена употреба на мобилен телефон за време на часовите;
- носење на несоодветна фризура, облекување и шминкање, лакирање нокти со нападни бои;
- насилничко однесување кон соучениците и сите вработени во училиштето;
- нарушување на хигиената во училниците, ходниците, санитарните јазли и училишниот двор;
- неоправдано доцнење на часовите;
- несовесно извршување на должноста дежурен ученик во паралелката и холот;
- неоправдано отсуство од дополнителна настава;
- поттикнување и примена на говор на омраза;
- пишување по училишниот инвентар и нагледните средства;
- неисполнување па планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа;
- одбивање соработка со одделенскиот/предметниот наставник како и дрско/непримерно однесување и неумесно одвраќање на наставник;
- ученикот не постапува согласно правилата за однесување во училиштето предвидени во куќниот ред.

Член 15

Педагошката мерка **Писмена опомена** се изрекува за**:**

- неоправдано отсуство од наставата (8-9 неоправдани изостанока);
- недолично и неодговорно однесување кон соучениците, наставниците и другите вработени во училиштето;
- насилничко однесување кон соучениците и сите вработени во училиштето, (навредување, исмејување, заплашување, заканување и тепачки);
- оневозможување наставата со своето однесување;
- недозволена употреба на мобилен телефон за време на часовите;
- нарушување на хигиената во училниците, ходниците, санитарните јазли и училишниот двор;
- предизвикување и учество во физички пресметки помеѓу учениците;
- неоправдано доцнење на часовите;
- нарушување на дисциплината за време на часовите и одморите;
- неоправдано отсуство од дополнителна настава;
- вербални навреди кон соученици;
- вербални навреди кон вработени во училиштето;
- фалсификување на потпис од родител;

- пишување по училишниот инвентар и нагледните средства;
- неисполнување на планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа;
- непостапување согласно правилата за однесување во училиштето предвидени во куќниот ред.

Член 16

Педагошката мерка **Укор** се изрекува за:

- неоправдано отсуство од наставата (10 неоправдани изостанока);
- недозволена употреба на мобилен телефон за време на часовите;
- уништување на училишниот имот, оштетување на училишниот инвентар и нагледни средства;
- нарушување на хигиената во училниците, ходниците, санитарните јазли и училишниот двор;
- предизвикување и учество во физички пресметки помеѓу учениците;
- неоправдано доцнење на часовите;
- неоправдано отсуство од дополнителна настава;
- вербални навреди кон соученици;
- вербални навреди кон вработени во училиштето;
- несовесно извршување на обврските како ученик;
- неисполнување на планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа;
- непостапување согласно правилата за однесување во училиштето предвидени во куќниот ред.

Член 17

Педагошката мерка **Преместување на ученикот во друга паралелка** се изрекува кога ученикот врши потешки повреди на куќниот ред на училиштето и доколку не се случиле промени по разговорите со ученикот и родителот/старателот и тоа:

- за насилничко однесување кон соучениците и сите вработени во училиштето (навредување, исмејување, заплашување, заканување и тепачки);
- за предизвикување и учество во физички пресметки помеѓу учениците;
- кога ученикот направил повеќекратно повторување на повредите (грешките) од овој Правилник.

Член 18

Педагошката мерка **Намалување на поведението** се изрекува кога ученикот врши потешки повреди на куќниот ред на училиштето и доколку не се случиле промени по разговорите со ученикот и родителот/старателот и тоа при:

- насилничко однесување кон соучениците и сите вработени во училиштето, (навредување, исмејување, заплашување, заканување и тепачки);
- кражби на училишни и лични предмети на учениците и вработените (пари, облека, прибор и сл.);

- пробивање на тестови;
- внесување и употреба на опасни и пиротехнички средства во училиштето;
- користење на психотропни супстанци, пушење, внесување и пиење алхохол;
- бришење, допишување и преправање на оценки во дневник на паралелка;
- загрозување и повредување личноста на ученикот (булинг), наставниците, вработените во училиштето и други лица надвор од училиштето.

Член 19

Поведението може да се намали на **Добро** или **Незадоволително** во зависност од тежината на прекршокот. За ова одлучува Наставничкиот совет.

Член 20

Педагошките мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Педагошките мерки се изрекуваат индивидуално за секој ученикот со претходно проучување на околностите кои довеле до потреба за нивно изрекување.

Член 21

Изречената педагошка мерка детално се образложува со цел истата наполно да е разбирлива за ученикот кон кој се применува.

Член 22

За изречената педагошка мерка писмено се известува родителот/старателот на ученикот.

Член 23

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација.

Член 24

Изречените педагошките мерки од член 11 точка 4 и 5 важат до крајот на учебната година во која се изречени.

Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка Намалување на поведение се повлекува.

Член 25

Пред изрекувањето на педагошките мерки претходи разговор со ученикот и родителот или старателот. Разговорот најпрвин го води одделенскиот раководител на ученикот, одделенски наставник, предметниот наставник, а потоа стручен соработник или Директорот на училиштето. За секоја средба се води записник.

Член 26

Со изрекување на педагошките мерки, директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката со цел надминување на проблемот. Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. Училиштето може да повика и трети лица, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.

Член 27

Врз основа на член 76 од Законот за основно образование образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 ) се применува советување за родители на ученици. За преземените активности се водат записници.

Член 28

Неоправдано задоцнување нема да се толерира и истото се санкционира согласно одредбите на овој Правилник.

Член 29

За секое изостанување на ученикот од настава родителот, односно старателот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.

Родителите (старателите) се должни при секое отсуство на ученикот да го известат одделенскиот раководител истиот ден, а по завршување на отсуството во рок од три дена до раководителот на паралелката да достават писмен документ за отсуството.

Член 30

Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учеството во одделни активности во наставата во основното училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.

Член 31

Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот, односно старателот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година.

Директорот на училиштето по писмено барање на родителите, односно старателите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата , но не подолго од 30 дена.

Член 32

Ако ученикот е отсутен повеќе денови од наставата, а истиот е на боледување или болничко лекување, родителот или старателот на ученикот е должен во најкраток временски рок да го запознае одделенскиот раководител.

Член 33

Овој правилник стапува во сила на денот на неговото усвојување.